20260290430

# АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Врз основа на член 116 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.124/19 и 155/25) Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ НА ОВЛАСТЕН ГЕОДЕТ И ЗА ИМЕНИК НА ОВЛАСТЕНИ ГЕОДЕТИ

Член 1

Во Правилникот за овластување на овластен геодет и за именик на овластени геодети („Службен весник на Република Македонија“ бр.95/2015 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.183/2019, 246/2024 и 70/2025 ), членот 4, ставот (2) се менува и гласи:

„(2) Кон барањето за продолжување на овластување на овластен геодет, овластениот геодет приложува сертификати издадени од Агенцијата дека во текот на петте години посетувал обуки за овластени геодети извршени од страна на Агенцијата согласно Годишната програма за обуки донесена од Управниот одбор на Агенцијата, како и доказ за платен надоместок за продолжувањето. Имателот на овластувањето вработен во Агенцијата наместо сертификат доставува потврда за работен однос во Агенцијата.“

Член 2

Прилогот број 3 се заменува со нов Прилог број 3.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр.0101-1668/1
6 февруари 2026 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Миладин Наумоски**, с.р.

Прилог број 3

**БАРАЊЕ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ /ПОТВРДУВАЊЕ НА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ОВЛАСТЕН ГЕОДЕТ**

Од ________________________________________________,____________________.
Име и презиме ЕМБГ

________________________________________________,____________________
адреса телефон/е-маил

Кон барањето ги приложувам следните документи:

1. Сертификати издадени од Агенцијата за катастар на недвижности дека во текот на петте години сум посетувал континуирани обуки за овластени геодети извршени од страна на Агенцијата за катастар на недвижности, односно потврда дека сум во работен однос во Агенцијата за катастар на недвижности,

2. Доказ за платен надоместок за продолжувањето/потврдувањето,

3. Друго________________________________________________________________
________________________________________________________________________
________________________________________________________________________
________________________________________________________________________

Место и датум __________ Подносител на барањето

____________________________